ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-1/1372
23.04. 2021 год.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – МАРТ 2021 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 31.03.2021 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 4.446 илјади денари.

Во првите три месеци од тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 202.858 илјади денари, кој во однос на 2020 е намален за 0.3%. Вкупните приходи се резултат на намалена продажба на домашен пазар за 4%, но истовремено зголемена продажба на странски пазар во висина од 8%.

Друштвото оствари оперативни приходи 615 илјади по основ на наплата на отпишани побарувања од купувачите, како и позитивни курсни разлики.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 193.084 илјади денари, кои во однос на 2020 се зголемени за 9%. Зголемувањето/намалувањето на расходите гледано по сегменти следи:

- Зголемени трошоци на суровините и материјалите 3%, е резултат на пораст на цената на суровината која е по основ на берзанските движења;
- Услугите со карактер на материјални трошоци се повисоки за 18% од минатата година, како резултат на зголемени транспортни услуги и услуги за одржување и заштита;
- Зголемување на останати нематеријални трошоци кои настанувaa во вториот квартал, оваа година се реализираа во првиот квартал;
- Зголемување на амортизација од 6% поради зголемување на вредноста на основните средства (инвестицијата од минатата година).

Во однос на претходната година ДС Смитх, АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема. Неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни се намалени.

ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ

Друштво за производство на хартија и амбалажа
ДС СМИТХ
-АД- Скопје